# PROSPEKT

тетекс АД
ВОЛНАРСКИ КОМБИНАТ " ТОДОР ЦИПОВСКИ - МЕРЏАН"
ТЕТОВО

**Naziv na dru{tvoto:** Volnarski kombinat “Todor Cipovski-Merxan” Teteks akcionersko dru{tvo Tetovo

**Adresa:** ul. Bra}a Miladinovi br.1, Republika Makedonija so sedi{te vo Tetovo, registrirano vo Osnoven sud Skopje I na 03.07.1998 godina, pod treg. br. 2033/98.

---

**Kotacija na akciite na VOLNARSKI KOMBINAT “TODOR CIPOVSKI-MERXAN” TETEKS AD TETOVO**
**na**
**Oficijalniot Pazar na Makedonskata Berza na dolgoro~ni hartii AD**
**Skopje**

---

Do Makedonskata Berza na dolgoro~ni hartii od vrednost AD Skopje e dostaveno barawe za kotacija na akciite na Teteks AD Tetovo na Oficijalniot Pazar na berzata. Nominalnata vrednost na akciite na Teteks AD Tetovo iznesuva 51,13 EVRA. Baraweto za kotacija se odnesuva na 456.787 obi~ni akcii so pravo na glas.

Pred kotacijata na Oficijalniot Pazar na Makedonskata Berza AD Skopje, so akciite na Teteks AD Tetovo se trguvalo na Neoficijalniot Pazar na Makedonskata Berza.

**Pokrovitel na kotacijata**

## KB–Broker AD Skopje

**Kej Dimitar Vlahov 4**

**Skopje**

# IZJAVA
# NA ODGOVORNOTO LICE NA DRU[TVOTO

Pretsedatelot na Upravata na izdava~ot ja prifa}a odgovornosta za sodr`inata na ovoj Prospekt:

“Spored na{ite uveruvawa i soglasno na{ite soznanija i podatoci so koi raspolagame, izjavuvame deka site podatoci od ovoj Prospekt so~inuvaat celosno i vistinito prika`uvawe na imotot i obvrskite, dobivkite i zagubite, finansiskata i delovnata sostojba na izdava~ot, pravata sodr`ani vo hartiite od vrednost i deka ne se izostaveni podatoci koi bi mo`ele da vlijaat na celovitosta i vistinitosta na ovoj Prospekt”.

Prospektot e izgotven soglasno Pravilnikot za kotacija na hartii od vrednost na Makedonskata Berza na dolgoro~ni hartii od vrednost AD Skopje i Zakonot za izmenuvawe i dopolnuvawe na Zakonot za hartii od vrednost (Slu`ben vesnik na Republika Makedonija broj 37/2002 godina).

Revizor na godi{nite smetki Teteks AD Tetovo za 1999, 2000 i 2001 godina e revizorskata ku}a Ernst& Young DOO Skopje.

Pokrovitel na kotacijata na Teteks AD Tetovo e brokerskata ku}a KB – Broker AD Skopje.

Prospektot ne pretstavuva ni ponuda za proda`ba, nitu povik za kupuvawe na akciite na Teteks AD Tetovo. Prospektot ne smee da se smeta za preporaka za kupuvawe na akcii na Teteks AD Tetovo., a sekoj potencijalen investitor se upatuva na sopstvena procenka na finansiskata sostojba i raboteweto na Teteks AD Tetovo.

Potpis

____________

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО

Волнарскиот Комбинат "Тодор Циповски-Мерџан" Тетекс АД - Тетово, со скратен назив "Тетекс АД - Тетово", со седиште на ул. Браќа Миладинови бр.1 во Тетово, е заведен под трег. бр. 2033/98 од 03.07.1998 година со број на регистарска влошка 02003072?-4-03-000 при Основниот суд Скопје I од Скопје.

Тетекс АД – Тетово е основан на 25.05.1951 година со пуштање во погон на првата предилница за влачена преѓа, со вкупно 37 вработени. Следува, во 1954 год., пуштање во производство на првите разбои што претставува почетокот на денешната фабрика за ткаенини и ќебиња. Веќе во 1955 год. пуштен е погонот за апретура на ткаенини, и во 1957 год. погонот за чешлано предиво, со што Тетекс влегува во светот на модата. Квалитативен чекор нанапред е направен 1963 год., со изградбата на фабриката за конфекција. Потоа, 1968 год., со пуштање во работа на фабриката за трикотажа, Тетекс го заокружува комплетниот производствен процес.

Во состав на Тетекс АД - Тетово, се наоѓаат и следниве пресметковни единици: ЕГОТ, пресметковна единица која обезбедува снабдување на производните фабрики со енергија и техничко одржување; Трговска мрежа која се состои од големопродажба и малопродажна мрежа од 20 сопствени и 24 продавници во франшиза; и Општествена исхрана со угостителство.

Во 1991 год., Тетекс го започнува процесот на трансформација во акционерското друштво во приватна сопственост. Приватизацијата успешно завршува во 1995 год., кога Тетекс АД - Тетово станува целосно приватизирана компанија, раководена од успешен менаџерски тим, кој несомнено знае да ги трасира патиштата на успехот.

Тетекс АД - Тетово е сопственик на неколку друштва со ограничена одговорност: Тегас, Тегот, Тетекс-Петрол, Авиотекс, Автотекс, Тетекс-Софија, Тетекс-New York, Тетекс-Франкфурт, Тепром-Београд, Тетекс-Сарајево. Тетекс АД - Тетово е најголем акционер на Тетекс Кредитна Банка АД - Скопје и Тетовска Банка АД - Тетово.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ДРУШТВОТО

Тетекс АД е производител на волнен текстил и облека, кој се состои од четири вертикално поврзани фабрики за: (1) предиво и волница, (2) ткаенини и ќебиња, (3) конфекција и (4) трикотажа.

Производното портфолио на тетексовите производни фабрики изгледа вака:

Предива и Волници

- Предива за модни ткаенини
- Трикотажни предива
- Тепихарски предива
- Ефектно предиво

- Волници за рачно плетење

Предивата се во состав 100% волна или мешавини од волна и нумери од 2 до 80 Нм.

Ткаенини и Ќебиња

- Ткаенини за машко и дамско облекување
    - чешлани, од типот габарден, фланел, креп, трикот, и др.
    - влачени, од типот на твид, букле, велури, мелтон, и др.
- Ќебиња, за домашна и наменска употреба (хотели, за хуманитарни потреби, авионско ќебе, и сл.)

Конфекција

- Машка конфекција: одела, сакои, панталони, капути, мантили, јакни
- Женска конфекција: костими, блејзери, мантили, панталони, сукњи

Трикотажа

- Машка, женска и детска трикотажна облека: пуловери, џемпери, елеци, фустани, тренерки

Посебен Наменски Програм:

- Униформи за армија, полиција, царина, пожарникари и др.
- Трикотажни предмети: блузи, капи, долна облека
- Ќебиња
- Ткаенини за униформи

## 3. ВРАБОТЕНИ

Во Тетекс АД Тетово, со состојба на ден 31.10.2002 година, се вработени вкупно 2.873 работници.

Квалификационата структура на вработените прикажана е табеларно како следи:

| | |
|---|---|
| Магистри | 2 |
| Високо стручна подготовка | 146 |
| Виша стручна подготовка | 70 |
| Средна стручна подготовка | 784 |
| Ниска стручна подготовка | 23 |
| Високо квалификувани работници | 40 |
| Квалификувани работници | 625 |
| Полуквалификувани работници | 675 |
| Ниско квалификуван работници | 508 |
| Вкупно: | 2.873 |

## 4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Основната главнина на Друштвото е поделена на 456.787 обични акции со номинална вредност 51,13 ЕУРО во денарска противвредност според курсот на Народна Банка на Република Македонија од 22.06.1998 год.

Обичните акции им ги даваат следните права на акционерите:
- право на глас во Собранието на Друштвото;
- право на исплата на дел од добивката;
- право на исплати на дел од остатокот од ликвидациската, односно стечајната маса.

## 5. СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

| | Акционери | Акции | % |
|---|---|---|---|
| Менаџерски тим | 100 | 265.275 | 58.1 % |
| Ханс Цебиш, Германија | 1 | 13.532 | 3.0 % |
| Акционери, сегашни и бивши вработени во Тетекс | 2.552 | 151.126 | 33.9 % |
| Тетекс АД | 1 | 26.854 | 5.9 % |
| **Вкупно:** | **2.654** | **456.787** | **100.0 %** |

Само едно лице поседува повеќе од 10% и тоа 47.388 акции, што претставува 10.4% од вкупниот број.

## 6. РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА НА ДРУШТВОТО

Нашата развојна програма е насочена кон подобрување на маркетиншката позиција на пазарите во Македонија, соседството, Европа и Северна Америка, преку истражување на проспективните производни и пазарни сегменти, и врз таа основа, усовршување на производните процеси преку инвестирање во нова опрема, информациони технологии, стандарди и знаења, за да се постигне повисоко ниво на производите и услугите, конкурентноста, флексибилноста во исполнување на барањата на купувачите, при истовремено намалување на производните трошоци, односно поголема рентабилност и севкупна економска ефикасност.

Во тек е реализација на ваква инвестициона програма во вредност од 10,4 милиони УСД која е поддржана со кредит од МФК - Меѓународната Финансиска Корпорација, членка на групацијата на Светска Банка (IFC - International Financial Corporation, a Member of the World Bank Group), во износ од 5,3 милиони УСД и грант од Холандската влада во вредност од 0,8 милиони УСД.

Напоредно со овие инвестирања Тетекс вложува големи напори на полето на:

- Маркетингот, потпомогнат од страна на МФК, УСАИД и во соработка со други меѓународни и домашни институци, во

изнаоѓање и освојување на нови производи и пазари, особено во земјите од ЕУ

- Редуцирање на трошоците и поекономично работење
- Решавање на прашањето на прекумерна вработеност и подобрување на квалификационата структура
- Постојано следење и воведување на нови информациони и комуникациски технологии во насока на интегриран е-бизнис концепт и подобрување на МИС (Менаџмент Информационит Систем).
- Заштита на животната средина
- Воведување на Стандарди како ИСО 9000, систем за управување со квалитетот, ИСО 14000 систем за управување со заштитата на животната средина

## 7. ТРГУВАЊЕ СО АКЦИИТЕ

Во последните шест месеци беа истргувани вкупно 56,927 акции на Тетекс А.Д. Тетово во вкупна вредност од 17,647,370,00 денари, во 9 трансакции. Просечна цена на акциите во анализираниот период изнесува 316,96 денари. Во последните 6 месеци се тргуваше по цена од 310 денари.

| Датум | Кол. | Вредност | Мак. | Мин. | Просечна цена | Трансакција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 28.05.2002 | 18.060 | 5.598.600,00 | | | 320 | 1 |
| 08.07.2002 | 16.391 | 5.081.210,00 | | | 320 | 1 |
| 10.09.2002 | 4.066 | 1.260.460,00 | 310 | 310 | 310 | 1 |
| 16.09.2002 | 6.852 | 2.124.120,00 | 310 | 310 | 310 | 1 |
| 03.10.2002 | 3.740 | 1.159.400,00 | 310 | 310 | 310 | 2 |
| 14.10.2002 | 4.600 | 1.426.000,00 | 310 | 310 | 310 | 1 |
| 16.10.2002 | 52 | 16.120,00 | 310 | 310 | 310 | 1 |
| 30.10.2002 | 3.166 | 981.460,00 | 310 | 310 | 310 | 1 |
| **Вкупно** | **56.927** | **17.647.370,00** | | | **316,96** | **9** |

Во продолжение е прикажано движењето на цената на акциите на Тетекс а.д. Тетово во периодот од 11.05.1997 година 31.10.2002 година.




Извор на подaтоци: Македонска берза на долгорочни хартии од вредност

## 8. ДИВИДЕНДА И ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДА

Во периодот на постоењето на фирмата како акционерско Друштво, до сега, немало исплата на дивиденда. Во иднина се планира да се створат услови за исплата на дивиденда, соодветно на финансиските резултати и стратегијата за развој и инвестирање.

## 9. СУДСКИ ПОСТАПКИ

Во последниве 12 месеци Друштвото не е вклучено во судски постапки кои можат да имаат влијание врз финансиската состојба на Тетекс АД - Тетово, ниту постои опасност од покренување на такви постапки.

## 10. УПРАВУВАЊЕ

Управувањето во Тетекс АД Тетово е организирано според едностепен систем на управување. Статутот на Друштвото е усогласен со Законот за трговски друштва. Управувањето на Тетекс АД Тетово, се остварува преку:

- Собрание на акционери, конституирано на 22.06.1998 год.
  Во работата на Собранието учествуваат акционери и/или нивни претставници.

- Одбор на директори, кој е составен од 12 неизвршени директори, избрани од Собранието, и 1 извршен директор – Генерален директор, кој го бираат неизвршните директори.

Генерален директор на Друштвото е **М-р Глигорие Гоговски**, дипл. електро инженер и магистер на технички науки.

Неизвршни членови на Одборот на директори се:

**Борислав Трповски**, дипл. правник, Претседател на Одборот на директори
**Стеван Томовски**, дипл. машински инженер
**Исмаилаки Емурлаи**, дипл. економист
**Алексеј Лосев**, дипл. економист
**Душко Мишески**, дипл. инженер технолог
**Звонимир Ристоски**, дипл. инженер технолог
**Евгенија Трпкоска**, дипл. економист
**Иванка Гоговска**, дипл. инженер технолог
**Академик Ксенте Богоев**, редовен професор на Економски факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје во пензија
**Проф. Д-р. Тито Беличанец**, редовен професор на Правен факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" - Скопје
**Проф. Д-р. Михаил Петкоски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" - Скопје
**Проф. Д-р. Владо Камбовски**, редовен професор на Правен факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје

## 9. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Во прилог се дадени ревидираните финансиски извештаи за последните три години (1999, 2000, 2001) и билансот на успех за првата половина за 2002 год.

**ТЕТЕКС АД - ТЕТОВО**
**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**со состојба 30.06.2002 г.**
**Износите се изразени во илјади МКД**

| | |
|---|---:|
| Приходи од продажба | 742.271 |
| Трошови на продажба | -611.416 |
| **Бруто добивка** | **130.855** |
| | |
| Други приходи од редовно работење | 47.740 |
| Административни трошоци | -121.221 |
| Трошоци на дистрибуција | -38.280 |
| Останати трошоци од работењето | -9.063 |
| **Добивка од редовно работење** | **10.031** |
| | |
| Приходи од камати | 4.261 |
| Трошоци за камати | -6.035 |
| Негативни курсни разлики, нето | -3.326 |
| | |
| Добивка од редовно работење пред даноци на добивка | **4.931** |
| Даноци на добивка | -739 |
| | |
| **Нето добивка за годината** | **4.192** |

ERNST & YOUNG

Ернст и Јанг ДОО - Скопје
Ул.Маршал Тито бр. 19
1000 Скопје
Р. Македонија

тел.: +389 02 111-637
+389 02 113-310
факс: + 389 02 113-438

# РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

**До Меѓународната финансиска корпорација**
**До Управниот Одбор на Тетекс А.Д. - Тетово**

Извршивме ревизија на билансот на состојба на Тетекс А.Д. - Скопје од 31.12.2000 година и на придружните биланс на успех и извештајот за готовинскиот тек за годината што завршува со таа дата. Овие финансиски извештаи се одговорност на менаџментот на Тетекс А.Д. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија.

Ја спроведовме ревизијата во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди. Според овие стандарди ние треба да ја планираме ревизијата и да ја спроведеме со едно разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи немаат значителни погрешни презентирања. Ревизијата вклучува истражувања, со методата на тестирање, разгледување на документите кои се однесуваат на износите и наводите во финансиските извештаи. Ревизијата исто така вклучува проверка на користените сметководствени принципи, како и на значајните проценки на менаџментот, како и оценка на вкупната презентација на финансиските извештаи. Веруваме дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Како што беше објаснето во забелешките број 3 и 10 на финансиските извештаи, основните средства на Друштвото (исклучувајќи го земјиштето) беа прилагодени во Јуни 1998 година, со цел да се рефлектира новата помала вредност на Друштвото утврдена врз основа на законските методологии за проценка од страна на два од Државата овластени проценители. На 31 Декември 2000 година овие средства беа ревалоризирани врз основа на индексот на цените на производителите. Вредноста на правото на користење на земјиштето, на коешто се лоцирани објектите, од страна на Друштвото се базира на информацијата во врска со тековната пазарна вредност, обезбедена од локалните општински власти на 31 Декември 1998 година. Не ни беше доставена независна проценка која би ги потврдила поединечните вредности.

Како што е објаснето во забелешките 3, 6 и 14, Друштвото ја ревидираше основата за проценка на исправките за застарената залиха во текот на годината која завршува со 31 Декември 1999. Измени не беа направени на основата за проценка на исправките за застарените залихи во текот на годината која завршува со 31 Декември 2000. Заради природата на бизнисот на Друштвото и надворешните фактори коишто влијаат на побарувачката на неговите производи, ние не сме во можност, без независна проценка, да ја утврдиме разумноста на исправките на Друштвото за застарените залихи.

ERNST & YOUNG

Ернст и Јанг ДОО - Скопје
Ул.Маршал Тито бр. 19
1000 Скопје
Р. Македонија

тел.: +389 02 111-637
+389 02 113-310
факс: + 389 02 113-438

Според наше мислење, освен за ефектите на спомнатите прилагодувања, доколку има такви, коишто можеби ќе беа потребни, доколку можевме да се увериме во проценката на основните средства и исправките за застарените залихи; финансиските извештаи ја презентираат чесно, во сите значајни материјални аспекти, финансиската позиција на Друштвото на 31 Декември 2000 година како и резултатот од неговото работење и готовинскиот тек за годината што завршува со таа дата, во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди.

Скопје, 10 Мај, 2001

***ТЕТЕКС А.Д***
**Биланс на успех**
За годината која завршува со 31 Декември 2000
Во ‘000 Денари

| | Забелешка | 2000 | 1999 |
|---|---|---|---|
| **Биланс на успех** | | | |
| Приходи од продажба | 4 | 1,349,658 | 1,286,383 |
| Трошоци на продажба | 5 | (1,032,749) | (969,613) |
| **Бруто добивка** | | **316,909** | **316,770** |
| Други оперативни приходи | | 70,101 | 82,389 |
| Административни трошоци | | (263,935) | (278,253) |
| Дистрибутивни трошоци | | (84,085) | (96,053) |
| **Оперативна добивка** | | **38,990** | **24,853** |
| Приходи од камати | | 33,652 | 23,737 |
| Трошоци за камати | | (55,243) | (127,410) |
| Курсни разлики | | (1,942) | (2,124) |
| (Загуба)/Добивка пред вонредните ставки и ревизија на сметководствените проценки | | **15,457** | **(80,944)** |
| Ревизија на сметководствените проценки од минатата година за исправките | 6 | - | 166,215 |
| Вонредни ставки | 6 | 55,522 | 18,722 |
| **Добивка од редовни активности** | | **70,979** | **103,993** |
| Вонредна загуба | 7 | - | (34,177) |
| **Добивка пред оданочување** | | **70,979** | **69,816** |
| Данок | 8 | (4,954) | (11,382) |
| **Нето добивка во годината** | 9, 20 | 66,025 | 58,434 |

*Придружните забелешки се интегрален дел од овие финансиски извештаи.*

*ТЕТЕКС А.Д*

**Биланс на состојба**

За годината која завршува на 31 Декември 2000

Во '000 Денари

| | Забелешка | 2000 | 1999 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| Земјиште | 10 | 107,858 | 107,858 |
| Градежни објекти и инвестиции во тек | 10 | 300,059 | 303,917 |
| Опрема | 10 | 195,894 | 185,352 |
| Инвестиции | 11 | 341,106 | 263,727 |
| Долгорочни побарувања | 11 | 37,977 | 78,669 |
| Вкупно долгорочни средства | | 982,894 | 939,523 |
| | | | |
| Пари и парични средства | 12 | 104,997 | 247,443 |
| Побарувања од купувачи | 13, 17 | 620,026 | 584,167 |
| Залихи | 14 | 1,317,562 | 1,376,227 |
| Вкупни обртни средства | | 2,042,585 | 2,207,837 |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **3,025,479** | **3,147,360** |
| | | | |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски кон купувачи и ПВР | 15, 17 | (605,289) | (781,912) |
| Обврски за даноци | 16 | (7,735) | (7,846) |
| Тековен дел од долгорочните кредити | 19 | (27,181) | (17,836) |
| Кусорочни обврски | 18 | (404,289) | (444,045) |
| Вкупно тековни обврски | | (1,044,494) | (1,251,638) |
| | | | |
| Долгорочни обврски | 19 | (88,507) | (108,527) |
| | | | |
| Одложено оданочување | 9 | (85,319) | (83,669) |
| | | | |
| **Вкупно обврски** | | **(1,218,320)** | **(1,443,835)** |
| | | | |
| **НЕТО СРЕДСТВА** | | **1,807,159** | **1,703,524** |
| | | | |
| **АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Акционерски капитал | 20 | (1,474,014) | (1,433,486) |
| Други резерви | 20 | (33,171) | (22,610) |
| Акумулирана добивка | 9, 20 | (299,974) | (247,428) |
| **АКЦИОНЕРСКА ГЛАВНИНА** | | **1,807,159** | **(1,703,524)** |

*Придружните забелешки се интегрален дел од овие финансиски извештаи.*

*ТЕТЕКС А.Д.*

**Извештај за готовинскиот тек**

За годината која завршува со 31 Декември 2000

Во ‘000 Денари

| | 2000 | 1999 |
|---|---|---|
| **ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| **Нето добивка пред оданочување** | 70,979 | 69,816 |
| Прилагодување за: | | |
| Амортизација и депресијација | 54,769 | 58,191 |
| Исправки - нето намалување | 74,038 | (134,333) |
| (Добивка) при продажба на основните средства | (5,433) | (492) |
| Загуба од продажба на сопствени акции | - | 34,177 |
| Приходи од дивиденди | (4,277) | (2,840) |
| Поврат за предвидени трошоци за камати по кредити (Забелешка 6) | (91,845) | - |
| Приходи од камати | (33,652) | (23,737) |
| Трошоци за камати и други финансиски расходи | 55,243 | 127,410 |
| **Оперативна добивка пред промените во обртен капитал** | **119,822** | **128,192** |
| (Зголемување)/ Намалување на залихите | 28,012 | (68,316) |
| (Зголемување)/Намалување на побарувањата од купувачи | 2,666 | (138,852) |
| Зголемување на обврски кон добавувачи и даноци (освен данокот на добивка) | (95,589) | 13,568 |
| Платен данок на добивка | (2,953) | (2,016) |
| **Готови средства употребени во работењето** | **51,958** | **(67,424)** |
| Донации на хуманитарни институции (забелешка 20) | (1,360) | (1,012) |
| Платени камати и други финансиски издатоци | (53,158) | (33,897) |
| **Нето готови средства (искористени) во оперативните активности** | **(2,560)** | **(102,333)** |
| **ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Набавки на основни средства | (24,999) | (80,344) |
| Приход од продажба на основни средства | 18,635 | 1,951 |
| Набавка на други инвестиции - нето | (105,970) | 3,978 |
| (Зголемување) на долгорочни побарувања | (11,084) | (54,157) |
| Приходи од продажба на сопствени акции | - | 34,163 |
| Приход од инвестиции и камати | 33,964 | 55,620 |
| **Нето готови средства (употребени) во инвестициони активности** | **(89,454)** | **(38,789)** |
| **ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| (Намалување)/Зголемување на долгорочни кредити - нето | (10,765) | (66,771) |
| (Намалување)/Зголемување на кусорочни кредити - нето | (39, | 82,836 |
| **Нето готови средства (искористени) во финансиските активности** | **(50,431)** | **16,065** |
| **НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИ И ПАРИЧНИ СРЕДСТВА** | **(142,445)** | **(125,056)** |
| Пари и парични средства на 1 Јануари | 247,442 | 372,499 |
| **ПАРИ И ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА 31 ДЕКЕМВРИ** | **104,997** | **247,443** |

*Придружните забелешки се интегрален дел од овие финансиски извештаи.*

ERNST & YOUNG

Ernst &Young ДОО(Скопје)
ул. Маршал Тито. бр. 19
1000 Скопје

Тел: (+389 91) 111 637
Факс: (+399 91) 113 438
email: eyskopje@mt.net.mk

# НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

## ДО МЕЃУНАРОДНАТА ФИНАНСИСКА КОРПОРАЦИЈА
## ДО ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ТЕТЕКС АД - ТЕТОВО

Извршивме ревизија на билансот на состојба на Тетекс АД ("Компанијата") заклучно со 31 Декември 2001 година и соодветниот биланс на успех, извештајот за готовинскиот тек и извештајот за промените во капиталот за истиот период. Овие финансиски извештаи, кои се прикажани од 7 до 30 страница се одговорност на раководството на Компанијата. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија.

Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди бараат да ја планираме и спроведеме ревизијата за да добиеме разумна сигурност за тоа дали финансиските извештаи содржат материјални пропусти. Ревизијата вклучува испитувања врз основа на тестирање на докази кои ќе ги потврдат износите и обелоденувањата презентирани во финансиските извештаи. Ревизијата исто така вклучува оцена на применетите сметководствени принципи и значајни проценки направени од страна на раководството, како и оцена на целокупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Како што е објаснето во забелешката 2г кон финансиските изваештаи, основните средства на Компанијата (без земјиштето) беа корегирани во Јуни 1998 година за да ја одразат новата целокупна пониска проценета вредност на Компанијата која што е определена врз основа на домашните законски методологии за проценка од страна на двајца овластени проценители. Освен тоа, овие средства се ревалоризирани за да го одразат зголемувањето на индексот на цени на индустриски производи. Последната ревалоризација е извршена за годината што завршува на 31 Декември 2000 година. Вредноста на правото на Компанијата за користење на земјиштето каде што се наоѓаат нејзините згради е утврдена врз основа на информациите кои се однесуваат на нејзината тековна пазарна вредност, обезбедени од страна на локалните општински власти на 31 Декември 1998 година. Не бевме обезбедени со независни проценки за да ги потврдиме овие вредности.

Како што е објаснето во забелешката 2ѓ кон финансиските извештаи, долгорочните вложувања се вреднувани според учеството на Компанијата во нето вредноста на капиталот во соодветниот холдинг врз основа на податоците од ревидираните финансиски извештаи од претходната година.Бидејќи долгорочните вложувања на Компанијата се

однесуваат на холдинзи кои не котираат на организираниот финансиски пазар, ниту пак е направена нивна независна проценка на вредноста, ние не бевме во состојба да потврдиме дали овие финансиски средства се водат по фер пазарна вредност.

Како што е објаснето во забелешката 2е кон финансиските извештаи, Компанијата направи исправки врз основа на проценка на раководството, за да се прикаже намалувањето на вредноста на залихите заради застареност. Поради природата на деловната активност на Компанијата и надворешните фактори кои се однесуваат на побарувачката на нејзините производи, не бевме во можност без независна проценка да ја определиме разумната основа за исправките за застарени залихи на Компанијата.

Според нашето мислење, освен за ефектите од таквите корекции, доколку има такви, кои што можеби би биле неопходни, доколку имавме задоволителни извори за проценка на вредноста на основните средства и долгорочните вложувања како и за оправданоста на исправката на застарени залихи; финансиските извештаи ја презентираат објективно, во сите значајни аспекти, финансиската позиција на Компанијата заклучно со 31 Декември 2001, како и резултатите од нејзиното работење и нејзините готовински текови за годината што завршува на 31 Декември 2001 година во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди.

Без да извршиме квалификација во нашето мислење, обрнуваме внимание на забелешка 3 на финансиските извештаи.Компанијата има вклучено само дел од информациите кои согласно Меѓународниот Сметководствен Стандард (МСС) 14 се бараат за сегментарното информирање.Меѓутоа, од Компанијата не е барано да ги вклучи овие информации во согласност со МСС 14, а информацијата презентирана во финансиските извештаи е вклучена поради специфичните потреби на одредени корисници на финансиските извештаи.

**Скопје, 18 Април 2002**

Ernst & Young

Друштво за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги
ЕРНСТ и ЈАНГ
Ернст и Јанг и др.
Д.О.О.
СКОПЈЕ

**ТЕТЕКС АД - ТЕТОВО**

# БИЛАНС НА УСПЕХ

**За годината што завршува на 31 Декември 2001**
**(Износите се изразени во илјади МКД)**

| | Забелешки | 2001 | 2000 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 4 | 1.175.936 | 1.349.658 |
| Трошоци на продажба | 4 | (833.225) | (1.032.749) |
| **Бруто добивка** | | **342.711** | **316.909** |
| Административни трошоци | 4 | (266.530) | (263.935) |
| Трошоци на дистрибуција | 4 | (64.098) | (84.085) |
| Други приходи од редовно работење, нето | | 31.308 | 70.101 |
| **Добивка од редовно работење** | | **43.391** | **38.990** |
| Приходи од камати | | 12.967 | 33.652 |
| Трошоци за камати | | (39.991) | (55.243) |
| Негативни курсни разлики, нето | | (12.600) | (1.942) |
| **Добивка пред вонредни ставки** | | **3.767** | **15.457** |
| Вонредни ставки (нето) | 4 | 53.273 | 55.522 |
| **Добивка од редовно работење пред даноци на добивка** | | **57.040** | **70.979** |
| Даноци на добивка | 5,6 | (12.290) | (4.954) |
| **Нето добивка за годината** | | **44.750** | **66.025** |

***Забелешките се составен дел на финансиските извештаи***

**ТЕТЕКС АД - ТЕТОВО**
# БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на 31 Декември 2001**
**(Износите се изразени во илјади МКД)**

| | *Забелешки* | 2001 | 2000 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Земјиште, згради и опрема | 7 | 541.740 | 603.811 |
| Долгорочни побарувања | 8 | 205.928 | 37.977 |
| Долгорочни вложувања | 9 | 275.761 | 334.363 |
| Вложувања во поврзани субјекти | 10 | 6.743 | 6.743 |
| | | **1.030.172** | **982.894** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 11 | 1.322.853 | 1.317.562 |
| Побарувања од купувачите и други побарувања | 12 | 429.012 | 620.026 |
| Пари и парични средства | 13 | 182.104 | 104.997 |
| | | **1.933.969** | **2.042.585** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **2.964.141** | **3.025.479** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | 14 | 1.471.451 | 1.474.014 |
| Други резерви | | 50.925 | 33.171 |
| Задржана заработувачка | | 329.533 | 299.974 |
| **Вкупен капитал** | | **1.851.909** | **1.807.159** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Долгорочни заеми | 15 | 61.372 | 88.507 |
| Одложени обврски за данок на добивка | 6 | 96.601 | 85.319 |
| | | **157.973** | **173.826** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачите и други обврски | 16 | 593.809 | 605.289 |
| Краткорочни заеми | 17 | 320.294 | 404.289 |
| Краткорочен дел на долгорочните заеми | 15 | 27.413 | 27.181 |
| Обврски за даноци | 18 | 12.743 | 7.735 |
| | | **954.259** | **1.044.494** |
| **Вкупни обврски** | | **1.112.232** | **1.218.320** |
| **Вкупен капитал и обврски** | | **2.964.141** | **3.025.479** |

Одобрено во име на Одборот на директори на 18 Април, 2002 год.
М-р Глигорие Гоговски
Извршен директор

*Забелешките се составен дел на финансиските извештаи*

**ТЕТЕКС АД - ТЕТОВО**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

**За годината што завршува на 31 Декември 2001**
**(Износите се изразени во илјади МКД)**

| | 2001 | 2000 |
|---|---|---|
| **Готовински текови од оперативни активности** | | |
| Нето добивка пред оданочување | **57.040** | **70.979** |
| Корекција за: | | |
| Нето финансиски трошоци | 39.991 | 55.243 |
| Капитална добивка од продажба на земјиште, згради и опрема | (138.352) | (5.433) |
| Амортизација | 57.428 | 54.769 |
| Исправки зголемување/(намалување) | 73.500 | 74.038 |
| Приходи од дивиденда | (121) | (4.277) |
| Приходи од камати | (12.967) | (33.652) |
| Враќање на пресметаната камата за кредити | - | (91.845) |
| **Добивка од редовно работење пред промени во работниот капитал** | **76.519** | **119.822** |
| Намалување/(зголемување) на побарувањата од купувачите и другите побарувања | 224.354 | 2.666 |
| (Зголемување)/намалување на залихите | (4.573) | 28.012 |
| (Намалување)/зголемување на обврските | (26.243) | (95.589) |
| Платен данок на добивка | (4.320) | (2.953) |
| **Готовина (употребена во) редовното работење** | **265.737** | **51.958** |
| Платена камата | (38.485) | (53.158) |
| Донации и спонзорства | - | (1.360) |
| **Нето готовина (употребена во) редовното работење** | **227.252** | **(2.560)** |
| | | |
| **Готовински текови во инвестициони активности** | | |
| Набавка на земјиште, згради и опрема | (2.134) | (24.999) |
| Зголемување на долгорочните побарувања | (167.951) | (11.084) |
| Зголемување на другите вложувања | (26.967) | (105.970) |
| Приходи од продажба на земјиште, згради и опрема | 145.091 | 18.635 |
| Вложувања и приходи од камати | 12.693 | 33.964 |
| **Нето готовински тек** | **(39.268)** | **(89.454)** |
| | | |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | |
| (Опаѓање) во долгорочни заеми | (26.882) | (10.675) |
| (Опаѓање) на краткорочни заеми | (83.995) | (39.756) |
| **Нето готовински тек од финансиски активности** | **(110.877)** | **(50.431)** |
| | | |
| Нето пораст на пари и парични средства | 77.107 | (142.445) |
| Пари и парични средства на 1 Јануари | 104.997 | 247.442 |
| **Пари и парични средства на 31 Декември** | **182.104** | **104.997** |

*Забелешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи*

**ТЕТЕКС АД -ТЕТОВО**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ**
**За годината што завршува на 31 Декември 2001**
**(Износите се изразени во илјади МКД)**

| | Акционерски капит. | Закон. резерв. | Задржана заработув. | Добив. за год. | Остан. Резерв. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 Јануари 2000** | **1.433.485** | **22.610** | **191.237** | **56.192** | **-** | **1.703.524** |
| Распределба на ревалоризацијата | 36.815 | 579 | - | - | 268 | 37.662 |
| Нето добивка за годината | - | - | - | 66.025 | - | 66.025 |
| Распределба на добивката од претходната година | - | - | 45.721 | (56.192) | 10.471 | - |
| Донации | - | - | - | (2.985) | - | (2.985) |
| Трансфер во пензиски фонд на вработените | - | - | - | (24) | (757) | (781) |
| Капитализација на обврски за заедничка потрошувачка | 3.714 | - | - | - | - | 3.714 |
| **На 31 Декември 2000** | **1.474.014** | **23.189** | **236.958** | **63.016** | **9.982** | **1.807.159** |
| Нето добивка за годината | - | - | - | 44.750 | - | 44.750 |
| Распределба на добивката од претходните години | - | 1.551 | 45.262 | (63.016) | 16.203 | - |
| Враќање на обврска за заедничка потрошувачка од претходна година | (2.563) | - | 2.563 | - | - | - |
| **На 31 Декември 2001** | 1.471.451 | 24.740 | 284.783 | 44.750 | 26.185 | 1.851.909 |

*Забелешките претставуваат интегрален дел на финансиските извештаи*